# Нов план за раст **за Западен Балкан**

***Засилување на социо-економската конвергенција на Западниот Балкан со ЕУ и забрзување на ЕУ реформите***

**НОЕМВРИ 2023**

**#WesternBalkans**
**#EUEnlargement**
**#GrowthPlan**

## ПЛАНОТ ЗА РАСТ ЗА ЗАПАДНИОТ БАЛКАН СЕ БАЗИРА НА 4 СТОЛБА

1. Подобрување на економската интеграција со **Единствениот пазар на Европската унија**
2. Засилување на **економската интеграција во земјите од Западниот Балкан преку Заедничкиот регионален пазар,** што би можело да додаде 10% на нивните економии
3. **Забрзување на фундаменталните реформи**
4. Зголемена **финансиска помош**

Планот за раст ќе биде имплементиран преку нов финансиски инструмент: **Предложениот инструмент за реформа и раст за Западниот Балкан од 6 билиони евра**.

**6**
**билиони евра**
**€2 билиони во грантови**
**€4 билиони во заеми**
**2024-2027**



**Столб 1**

## ДОБЛИЖУВАЊЕ НА ЗАПАДНИОТ БАЛКАН ДО ЕДИНСТВЕНИОТ ПАЗАР НА ЕУ

ЕУ ќе отвори одредени области од Единствениот пазар на ЕУ кон партнерите од Западниот Балкан пред пристапувањето што ќе донесе опипливи придобивки за граѓаните. Партнерите од Западниот Балкан ќе треба да преземат фундаментални реформи, да се усогласат со правото на Европската Унија и да ги исполнат нивните обврски кон Заедничкиот регионален пазар.

Фокусот ќе биде на следните седум почетни приоритетни области:

- Слободно движење на добра
- Слободно движење на услуги и работници
- Пристап до единствената евро-платежна област
- Олеснување на патниот транспорт
- Интеграција и декарбонизација на енергетските пазари
- Единствен дигитален пазар
- Интеграција во индустриските синџири за снабдување







**Столб 2**

## ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЗАПАДНИОТ БАЛКАН



Развојот на Заеднички регионален пазар е есенцијален од две причини:

- за отклучување на економскиот потенцијал на регионот, создавање можности за бизнис и работници и претворање на Западниот Балкан во попривлечно место за европски инвеститори. Заедничкиот регионален пазар би додал 10% на регионалниот БДП* на економиите на Западниот Балкан со текот на времето.
- базиран на прифаќање и имплементација на ЕУ стандардите, тој е важен чекор на патот кон Единствениот европски пазар.

**Столб 3**

## ЗАБРЗУВАЊЕ НА ФУНДАМЕНТАЛНИТЕ РЕФОРМИ





За зголемување на социо-економската конвергенција, партнерите од Западниот Балкан ќе треба да преземат реформи во областа на фундаменталните нешта.

Секој од партнерите од Западниот Балкан ќе подготви Агенда за реформи со сет од приоритетни реформи претставени преку главни одредници, наречени „услови за плаќање". Нивното остварување ќе иницира пуштање на средства од новиот План за раст.

Забрзувањето на реформите ќе:

- го подобри економскиот раст, вклучително преку привлекување на странски инвестиции и зајакнување на регионалната стабилност;
- им помогне на партнерите од Западниот Балкан да напредуваат кон членство во ЕУ.

***Извор:** Економските ефекти на пазарната интеграција во земјите од Западниот Балкан (англиски). Групација Светска банка:: http://documents.worldbank.org/curated/en/099544006202322289/IDU062c50b5106fe8046d1080530898bbe45d6fa*

Столб 4



## ЗГОЛЕМЕНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ

ЕУ предлага нов финансиски инструмент: Инструмент за реформа и раст за Западниот Балкан од 6 билиони евра, како комбинација од грантови и концесивни заеми. Овој нов инструмент, откако ќе биде одобрен од Европскиот парламент и Совет, ќе ја надополни тековната финансиска помош под Инструментот за предпристапна помош (ИПА III).

Инструментот ќе пружи максимална вкупна финансиска помош од 6 билиони евра за 2024-2027:

- 2 билиони евра во грантови по договорот за ревизија на Повеќегодишната финасиска рамка
- 4 билиони евра во концесивни заеми



## КАКО ЌЕ РАБОТИ НОВИОТ ИНСТРУМЕНТ?



Најмалку **3 билиони евра** (2 билиони евра во грантови и 1 билион евра во поволни заеми) ќе одат **за инвестиции преку Инвестициската рамка за Западен Балкан** (ИРЗБ).

Преостанатите **3 билиони евра во поволни заеми** ќе им бидат од корист на Владите во Западниот Балкан, под услов да ги исполнат Агендите за реформи.

**Исплатата ќе се врши два пати годишно**, врз основа на барања поднесени од страна на партнерите од Западниот Балкан и по верификација од страна на Комисијата за исполнување на релевантните услови и предуслови за исплата, како макро-финансиска стабилност, солиден менаџмент на јавните финансии, транспарентност и надгледување на буџетот.

Во случај условите за исплата да не се исполнети, Комисијата ќе ја сопре исплатата или ќе ја одземе соодветната сума од истата. Партнерот од Западниот Балкан ќе има 1-2 години да ги исполни условите, во спротивно сумата ќе биде прераспределена помеѓу другите партнери во годините што следат.







© Европска унија, 2023
Повторната употреба на овој документ е дозволена со соодветно посочување на авторските права и посочување на какви било измени (Атрибуција според Крејтив Комонс 4.0 Интернационална лиценца).
За каква било примена или повторна употреба на елементи кои не се во сопственост на ЕУ, може да е потребно барање на дозвола директно од соодветните сопственици на правата.
Слики на страна 1 © Shutterstock, други слики © European Union, © Adobe Stock & Pictograms © Flaticons.